ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:12-88/12

Дата:29.09.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на преодната сметка -Едношалтерски систем (889) на Општина Аеродром, за 2015 година.

За финансиските извештаи за 2015 година на преодната сметка -Едношалтерски систем (889) на Општина Аеродром, изразивме мислење без резерва во делот на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност со закони и прописи.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

На оваа сметка се евидентираат средствата при користење на услугите на електронскиот шалтер на Агенцијата за катастар на недвижности, по основ на запишување на градбите од втора категорија во јавната книга на недвижности на Агенцијата за катастар на недвижности, што е надлежност на општините, согласно Законот за градење.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 5 и 6 заедно со ревизија на усогласеност на Општина Аеродром на преодната сметка -Едношалтерски систем (889) на Општина Аеродром, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на преодната сметка-Едношалтерски систем (889) на Општина Аеродром, за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Ивица Коневски, градоначалник на Општина Аеродром од 07.04.2009 година до денот на ревизијата.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од да се ставе последната недела пред завршниот кај Општина Аеродром од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 14.06.2016 година.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на преодната сметка –Едношалтерски систем (889) на Општина Аеродром, на ден 31 декември 2015 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на преодната сметка –Едношалтерски систем (889) на Општина Аеродром, на ден 31 декември 2015 година, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

**ПРЕОДНА СМЕТКА -ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ (889)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2015 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1 | 2.732 | 349 |
| **Вкупно приходи** | | **2.732** | **349** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2 | 323 | |
| **Вкупно тековни расходи** | | **323** | |
| **Вкупно расходи** | | **323** | |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **2.409** | **349** |

ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ПРЕОДНА СМЕТКА- ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ (889)

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2015 ГОДИНА

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 2.409 | 349 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2.409** | **349** |
| **Вкупна актива** | | **2.409** | **349** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1 | 2.409 | 349 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2.409** | **349** |
| **Вкупна пасива** | | **2.409** | **349** |